## СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД



| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>19.06.2024 год.<br>БРОЈ 6 ГОДИНА 59 |
|---|---|



### С О Д Р Ж И Н А



| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за престанок на мандат на член во Советот на општина Охрид. | 2 |
| 3 | Одлука за верификација на мандатот на член во Советот на општина Охрид. | 3 |
| 4 | Одлука за избор на Претседател на Советот на општина Охрид | 4 |
| 5 | Решение за престанок на должноста за заменување на Градоначалникот | 5 |
| 6 | Решение за определување член на Советот кој ќе го заменува Градоначалникот | 5 |
| 7 | Јавна објава | 6 |
| 8 | Јавна објава | 6 |
| 9 | Јавна објава | 7 |
| 10 | Јавна објава | 8 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ НА ЧЛЕН ВО СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за престанок на мандат на член во Советот на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.06.2024 година.

**Број 09- 8154/6**
**18.06.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 8 став 2 и 5 од Изборниот законик („Сл.весник на РМ“ бр.40/06...58/24), член 46 став 1 и 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.06.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ НА ЧЛЕН ВО СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

1. На **САШО ДОНЕВ** му престанува мандатот член во Советот на општина Охрид, поради неспоивост на функцијата член во Советот на општина Охрид со функцијата пратеник во Собранието на Република Северна Македонија.

2. Мандатот член во Совет на општина Охрид му престанува заклучно со 28.05.2024 година.

3. Одлуката влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-8154/3**
**18.06.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседавач**
**Милена Грозданоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТОТ НА ЧЛЕН ВО СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за верификација на мандатот на член во Советот на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.06.2024 година.

**Број 09- 8154/7**
**18.06.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ бр.5/02), член 18, 19 и 20 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 14/19 и 15/20) и член 8 од Деловникот за работа на Советот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“бр.16/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.06.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТ НА ЧЛЕН ВО СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

1. Се верификува мандатот на членот во Советот на општина Охрид **АЛЕКСАНДАР ЗДРАВЕВСКИ.**

2. Мандатот на именуваниот ќе трае до завршувањето на мандатот на Советот на општина Охрид.

**Број 08-8154/4**
**18.06.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседавач**
**Милена Грозданоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за избор на Претседател на Советот на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.06.2024 година.

**Број 09- 8154/8**
**18.06.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 47 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/02), член 27 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20) и член 29 од Деловникот за работа на Советот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.16/2014), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.06.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**1.** За Претседател на Советот на општина Охрид **СЕ ИЗБИРА ПЕРЧО БОЖИНОВСКИ**.

**2.** Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-8154/5**
**18.06.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседавач**
**Милена Грозда领оска,с.р.**

Врз основа на член 52 став 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ “ бр. 05/02) и член 39 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ДОЛЖНОСТА ЗА ЗАМЕНУВАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ**

1. На членот на Советот **ПЕРЧО БОЖИНОВСКИ** му престанува должноста да го заменува Градоначалникот на општина Охрид, поради неспоивост на функцијата Претседател на Советот на општината со должноста за заменување на Градоначалникот.

2. На именуваниот му престанува должноста за заменувањето на Градоначалникот заклучно со 18.07.2024 година, односно на денот кога е избран за Претседател на Советот на општина Охрид.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

4. Примерок од Решението да се достави до именуваниот и архивата на општина Охрид.

**Број 09-8385/1** **ОПШТИНА ОХРИД**
**19.06.2024 година** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 52 став 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ “ бр. 05/02) и член 39 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ЧЛЕН НА СОВЕТОТ КОЈ ЌЕ ГО ЗАМЕНУВА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ**

1. Членот на Советот **АНА КРСТЕСКА** се определува да го заменува Градоначалникот на општина Охрид, во случаи на негова спреченост или отсуство.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Примерок од Решението да се достави до членот на Советот кој ќе го заменува Градоначалникот, Претседателот на Советот и архивата на општина Охрид.

**Број 09-8386/1**
**19.06.2024 година**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Согласно член 63 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20 и 111/23), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ 225/20, 219/21,104/22 и 99/23) и Прирачникот за начинот на водење на постапката за изготвување и одобрување на урбанистички проект со план за парцелација (донесен од Министерство за транспорт и врски бр. 24-6836/1 од 15.10.2021 г), Општина Охрид, води постапка за изработка и одобрување на Урбанистички проект со план за парцелација за градежни парцели ГП 7.1.146 и ГП 7.1.133 формирани во ДУП за урбана заедница 7, урбан блок 7.1 - Општина Охрид. Изработувач на проектната документација е Друштво за производство, трговија, проектирање и градежништво"СТУДИО ГЕРМАН" - дооел Охрид

Се известуваат лицата:

1. **Зафировски Богдан 1/2 - можен носител (без запишано право) Пописен Лист 7476 НА КП 10999/5**
2. **Зафироска Виолета 1/2 - можен носител (без запишано право) Пописен Лист 7476 па КП 10999/6 и**
3. **Република Македонија 1/1 -можен носител (без запишано право) Пописен Лист 7476 па КП 10999/6**

односно непосредни соседи на градежната парцела ГП 7.1.146: (на КП 10992/1, КП 10992/2, КП 10993/1 и 10998 КО Охрид 2 во ДУП за УЗ 7, УБ 7.1 Охрид„ дека се израборува Урбанистички проект со план за парцелација во кој се почитуваат и задржуваат урбанистичките параметри зададени со важечкиот ДУП. Од страната која граничи со вашата катастарска парцела се поместува само границата на градежната парцела притоа почитувајќи ја сопственоста на имателите на катастарските парцели, а со цел ненавлегување на сопственоста од една во друга градежна парцела. Целта е да се овозможи непречена реализација на градбите во иднина, а почитувајќи ја сопственоста на имателите.

Доколку имате приговор Ве молиме да се произнесете во рок од 5 дена од денот на објавата.

**Комисија за урбанизам на општина Охрид**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на општина Охрид, објавува дека врз основа на член 58 став 2 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11 , 13/12, 144/13, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19, 18/20 ,279/20 и 111/23), На соинвеститорите ЕУРО- БИЛДИНГ 2012 ДООЕЛ со седиште на ул.Абас Емин бр.17-локал 1 Охрид и ОКЕАНИЈА Охрид ДОО со седиште на Ул.Бистрица бр.41 Охрид, им се одобрува изградба на станбена куќа –А1 градба од Втора категорија, катност -По+Пр+2К+Пк на Г.П.5.1.34 формирана од Кп.бр.4039/3 КО Охрид 4 согласно

Извод од ДУП за УЗ 5, дел од УБ 5.1 опфат 1 Охрид-општина Охрид донесен со Одлука бр.07-5280/45 од 23.09.2013 год., издаден под бр.20 -6445/2 од 05.07.2021 год.
За горенаведеното беше издадено Одобрение за градба 20-2779/2 од 17.05.2024 год.
Согласно член 62- а од Законот за градење обврзани сме да ги известиме и непосредните соседи за издадените одобренија.
Од податоците добиени од АКН Охрид како соседи на локацијата се јавува и лицето: Весна Младеновска со адреса на Ул.Нобелова бр.1-А Скопје , но известувањето се врати од пошта со назнака недоволна адреса.
Врз основа на горенаведеното ја правиме оваа јавна објава со цел запознавање со издаденото одобрение за градба на непосредните соседи чие известување не беше уредно доставено. Истите или нивни застапници по закон во наредните 15 денови од објавата може да извршат увид во предметот или да изјават Жалба против издаденото одобрение до Министерството за транспорт и врски.

Доколку во горенаведениот рок не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

**Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште**
**Пом.раководител**
**Илоски Кирил,с.р.**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на општина Охрид, објавува дека врз основа на член 58 став 2 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11 , 13/12, 144/13, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19, 18/20 ,279/20 и 111/23), На соинвеститорите ЕУРО- БИЛДИНГ 2012 ДООЕЛ со седиште на ул.Абас Емин бр.17-локал 1 Охрид и ОКЕАНИЈА Охрид ДОО со седиште на Ул.Бистрица бр.41 Охрид, им се одобрува изградба на станбена зграда –А2 градба од Втора категорија, катност -По+Пр+3К+Пк на Г.П.5.1.35 формирана од Кп.бр.4039/4, Кп.бр.4038/3 и Кп.бр.4039/15 сите КО Охрид 4 согласно Извод од ДУП за УЗ 5, дел од УБ 5.1 опфат 1 Охрид-општина Охрид донесен со Одлука бр.07-5280/45 од 23.09.2013 год., издаден под бр.20 -6445/2 од 05.07.2021 год.
За горенаведеното беше издадено Одобрение за градба 20-5657/2 од 06.06.2024 год.
Согласно член 62- а од Законот за градење обврзани сме да ги известиме и непосредните соседи за издадените одобренија.
Од податоците добиени од АКН Охрид како соседи на локацијата се јавува и лицето: Велко Данилоски со адреса на Ул.Беличица бр.115 Гостивар , но известувањето се врати од пошта без назнака.
Врз основа на горенаведеното ја правиме оваа јавна објава со цел запознавање со издаденото одобрение за градба на непосредните соседи чие известување не беше уредно доставено. Истите или нивни застапници по закон во наредните 15 денови од објавата може да извршат увид во предметот или да изјават Жалба против издаденото одобрение до Министерството за транспорт и врски.

Доколку во горенаведениот рок не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

**Сектор за урбанизам и**
**управување со градежно земјиште**
**Пом.раководител**
**Илоски Кирил,с.р.**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на општина Охрид, објавува дека по барањето на инвеститорот Бајрам Шаќир со адреса на ул. „28-ми Април“ бр. 57 Охрид издадено е Одобрение за надградба со реконструкција и адаптација заведено под УП1бр.20-40 од 27.05.2024 со кое му се одобрува надградба на кат 1 и реконструкција и адаптација на семејна куќа А1-1 Објект од Втора категорија со катност По+Пр изградена на Кп.бр.1249/1 во КО Охрид 4.

Преку информации добиени од АКН –Подрачно одделение Охрид се известува – **Климе Размоски од Охрид ул.„Радојца Новичиќ“ бр. 200** како сопственик на соседната парцела Кп.бр.1248 во КО Охрид 4 за донесеното Одобрение за надградба со реконструкција и адаптација Уп1бр.20-40 од 27.05.2024 год. и се задолжува во рок од 15 денови од денот на објавата да дојде во просториите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште да изврши увид во предметот.

Известувањето со јавна објава се врши од причина што известувањето е пратено согласно податоците за адреса добиени од АКН Подрачно оделение Охрид и истото е вратено со назнака дека е преселен.

Врз основа на горе наведеното ја правиме оваа јавна објава со цел запознавање со издаденото одобрение за градба на сопственикот на предметната КП.

Доколку не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

**Сектор за урбанизам и**
**управување со градежно земјиште**
**Пом.раководител**
**Кирил Илоски,с.р.**